РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-430/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-тата седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-5094/1 од 18.05.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

За предметниот случај ДКСК има постапувано по предметот со број 12-717/1 од 06.02.2023 година, за што на 86-тата седница одржана на 05.05.2023 година, донесена е Одлука со број 12-717/8 од 11.05.2023 година, која во деперсонализирана форма е јавно објавена на нејзината веб страница.

Предметот со број 12-5094 од 2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-5094/1 од 18.05.2022 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско ангажирање на службено лице ///, за надворешен соработник на ///, врз основа на договор на дело. Подносителот се сомнева дека ова службено лице со директорот на ///, службено лице ///, го делеле месечниот надомест од околу 35.000 денари, затоа што надворешниот соработник не работел ништо, а /// имала редовно вработен правник. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.
По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара податоци, информации и документација од /// и од добиените докази произлезе дека за истите наводи ДКСК веќе постапувала по друг предмет со бр. 12-714/1 од 06.02.2023 година, за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

што на 86-тата седница одржана на 05.05.2023 година, донесена е Одлука со број 12-717/8 од 11.05.2023 година, која во деперсонализирана форма е јавно објавена на нејзината веб страница. Следствено, ДКСК оцени дека овој конкретен случај нема елементи за натамошно постапување, заради што одлучи постапката по истиот да ја запре и предметот да го затвори и архивира.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение

Доставено до:
- Подносителот